# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 29 јуни 2026 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 9 јули 2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ефтим Здравевски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Петре Ламески, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Ристе Стојанов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, позиција 5, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Димитар Китановски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Димитар Китановски е роден 1998 година во Битола. Основно образование завршил во ОУ „Гоце Делчев“ во Ресен, додека средно образование завршил во СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ во Битола со континуиран одличен успех. За време на школувањето, учествувал на неколку натпревари и има освоено повеќе награди и признанија. Покрај школувањето, има учествувано и на неколку практични настави во ИТ-компании преку кои го надградувал своето знаење.

На Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство се запишал во 2016 година. Во текот на последните две години од студиите, работел како соработник на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Дипломирал во 2020 година со дипломскиот труд на тема: „Систем за самоевалуација наменет за високо образование“, под менторство на проф. д-р Иван Чорбев. Магистрирал во 2022 година на ФИНКИ, на насоката Управување во информатички технологии и истата учебна година, 2022/2023, се запишал на докторски студии на ФИНКИ, на насоката Компјутерски науки и инженерство.

Во ноември 2020 година ја започнува својата академска кариера како вработен на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, избран за демонстратор, при што изведува аудиториски и лабораториски вежби. Во 2023 година е избран во соработничко звање – асистент.

Полиња на негов научноистражувачи интерес се: инженерство на податоци, бази и складишта на податоци, машинско учење, вештачка интелигенција, наука базирана на податоци и софтверско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор (објавен во Билтен на УКИМ бр. 1297 од 15.12.2023) до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Димитар Китановски изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Структурно програмирање, Компјутерски мрежи и безбедност, Бази на податоци, Складови на податоци и аналитичка обработка, Интегрирани системи, Основи на Веб дизајн, Објектно-ориентирано програмирање.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 85 дипломски трудови, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Димитар Китановски има објавено вкупно 11 научни труда во областа компјутерско инженерство, информатика и роботика, во меѓународни списанија и конференции, и тоа:

1. **Kitanovski Dimitar**, Vesna Dimitrova, Aleksandar Stojmenski, Kostadin Mishev, and Ivan Chorbev. "Implementation of novel faculty e-services for workflow automatization." (2019).
2. Nikolovski Vlatko, **Dimitar Kitanovski**, Dimitar Trajanov, and Ivan Chorbev. "Case study: Predicting students objectivity in self-evaluation responses using bert single-label and multi-label fine-tuned deep-learning models." In International Conference on ICT Innovations, pp. 98-110. Cham: Springer International Publishing, 2020.
3. **Kitanovski Dimitar**, Aleksandar Stojmenski, Ivan Chorbev, Boro Jakimovski, Snezana Savoska, Blagoj Ristevski, Ilija Jolevski, Natasha Blazheska-Tabakovska, and Andrijana Bocevska. "Implementation of a Cloud-Based Personal Health System for Cross-Border Collaboration." (2021): 17-28.
4. **Kitanovski Dimitar**, Miroslav Mirchev, Ivan Chorbev, and Igor Mishkovski. "Cryptocurrency portfolio diversification using network community detection." In 2022 30th Telecommunications Forum (TELFOR), pp. 1-4. IEEE, 2022.
5. Filipovska Elena, Ana Mladenovska, Jovana Dobreva, **Dimitar Kitanovski**, Goran Mitrov, Petre Lameski, and Eftim Zdravevski. "Evaluation of vector databases and LLMs in RAG-based multi-document question answering." In International Conference on ICT Innovations, pp. 3-18. Cham: Springer Nature Switzerland, 2024.
6. Dobreva Jovana, Ivana Karasmanakis, Filip Ivanisevic, Tadej Horvat, **Dimitar Kitanovski**, Matjaz Gams, Kostadin Mishev, and Monika Simjanoska Misheva. "RAGCare-QA: A benchmark dataset for evaluating retrieval-augmented generation pipelines in theoretical medical knowledge." Data in brief (2025): 112146.
7. **Kitanovski Dimitar**, Igor Mishkovski, Viktor Stojkoski, and Miroslav Mirchev. "Network-based diversification of stock and cryptocurrency portfolios." Applied Network Science 10, no. 1 (2025): 20.
8. Nastevski Dean, Lazo Nikoloski, **Dimitar Kitanovski,** Zorica Karapancheva, Aleksandar Stojmenski, Ivan Chorbev, and Petre Lameski. "LLM Chatbot with SQL Database." (2025): 216.
9. Karajanova Marija, **Dimitar Kitanovski,** Zorica Karapancheva, Aleksandar Stojmenski, Petre Lameski, and Ivan Chorbev. "Web-Based Platform for Enhancing Coordination in Technology Transfer."
10. Goshev Igor, Petar Sekuloski, Ivan Chorbev, **Dimitar Kitanovski**, and Vesna Dimitrievska Ristovska. "Topology as a lens for semantic organization in transformer embeddings." *INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL" MATHEMATICAL MODELING* (2025).
11. Sekuloski, Petar, **Dimitar Kitanovski**, Igor Goshev, Kostadin Mishev, Monika Simjanoska Misheva, and Vesna Dimitrievska Ristovska. "Exploring the Potential of Topological Data Analysis for Explainable Large Language Models: A Scoping Review." *Mathematics* 14, no. 2 (2026): 378.

М-р Димитар Китановски учествувал во следниве 10 домашни научноистражувачки проекти:

1. EUROCC, ФИНКИ, 2020 – 2021

2. Продолжение на проектот „Унапредување на факултетските електронски сервиси за магистерски студии и дисциплински постапки“, ФИНКИ, 2021 – 2022
3. ЕУРОЦЦ, 2021 – 2022
4. Подобрување на портфолио менаџмент со користење на вештачка интелигенција, ФИНКИ, 2022 – 2023
5. ЕУРОЦЦ/2, ФИНКИ, 2022 – 2023
6. Менаџирање на портфолија со методи од мрежна наука и машинско учење, ФИНКИ, 2023 – 2024
7. Продолжување на проектот „Машинско учење од релациони бази на податоци“, ФИНКИ, 2024 – 2025
8. Адаптација и евалуација на мулти-модални RAG техники за комплексно расудување во сценарија од медицински домен, ФИНКИ, 2024 – 2025
9. МКСафеНет - Центар за безбеден интернет, ФИНКИ, 2025 – 2026
10. Продолжување на „Адаптација и евалуација на мулти-модални RAG техники за комплексно расудување во сценарија од медицински домен“, ФИНКИ, 2025 – 2026.

М-р Димитар Китановски учествувал во следните меѓународни научноистражувачки проекти:

1. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020 – 2022
2. Cross4All, 2021 – 2022
3. ChatMED, 2024 – 2025
4. MKSafeNet, Digital Europe project, 2024 – тековно.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Димитар Китановски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Учествувал во изработка на 2 нови софтверски пакета:

1. Модул за анонимно анкетирање на студентите (систем за спроведување на анкети на УКИМ)
2. Доработка на составни модули од системот iKnow.

М-р Димитар Китановски учествувал во технички комитет на следните 7 конференции:

1. 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2021, онлајн конференција, Северна Македонија
2. 13th International Conference, ICT Innovations 2021, online, North Macedonia
3. 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2022, Скопје, Северна Македонија
4. 20th International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2023, Krushevo, North Macedonia
5. 21th International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2024, Strumica, North Macedonia
6. 22th International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2025, Strumica, North Macedonia
7. 23th International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2026, Struga, North Macedonia.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Димитар Китановски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Димитар Китановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Димитар Китановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Димитар Китановски да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ефтим Здравевски, с.р.**
**Проф. д-р Петре Ламески, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Стојанов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Димитар Орце Китановски
**Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје**
**Научна област:** компјутерско инженерство, информатика и роботика

## *ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ*

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по информатички науки и компјутерско инженерство од областа софтверско инженерство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,01.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,57. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за одлично познавање на англискиот јазик, течно говорење и служење со стручна терминологија од ИТ-областа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 29.9.2023 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ефтим Здравевски, с.р.**
**Проф. д-р Петре Ламески, с.р.**
**Проф. д-р Ристе Стојанов, с.р.**